**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

# Анализа на структурата на вработените според етничка припадност во аудио и аудиовизуелниот медиумски сектор во 2014 година

Скопје, септември 2015 година

## Содржина

Вовед ... 3
Клучни наоди ... 4
Македонска радио-телевизија (МРТВ) ... 6
Телевизиски станици на државно ниво преку терестријален мултиплекс ... 9
Сателитски телевизии ... 12
Телевизиски станици на регионално ниво ... 14
Телевизиски станици на локално ниво ... 18
Радиостаници на државно ниво ... 22
Радиостаници на регионално ниво ... 24
Радиостаници на локално ниво ... 26
Преглед на табели ... 31
Преглед на слики ... 31

## Вовед

Во оваа анализа се претставени податоците за етничката припадност на вработените во телевизиската индустрија и во радиоиндустријата во 2014 година (македонска, албанска, турска, српска, ромска, влашка, бошњачка и друга националност) и за нивната распределба по работни места. Исто така, анализата содржи податоци за движењето на бројот на вработените од различни националности во последните четири години, откако Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги почна да ја изработува оваа анализа.

Во анализата посебно се анализирани податоците за етничката припадност на вработените во јавниот радиодифузен сервис, а посебно за вработените во комерцијалните телевизиски станици, односно во комерцијалните радиостаници на национално, регионално и на локално ниво.

Оваа е четврта анализа за структурата на вработените според етничката припадност, а податоците кои се анализирани во неа радиодифузерите сами ги доставија во Агенцијата, во рамки на исполнувањето на обврската од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14) за обезбедување јавност во нивното работење.

## Клучни наоди

**Табела 1: Клучни наоди**

| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останато |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јавен сектор (МРТВ)** | **642** | **129** | **34** | **4** | **9** | **23** | **4** | **7** |
| Македонска телевизија (МТВ) | 461 | 89 | 19 | 3 | 5 | 14 | 2 | 4 |
| Македонско радио (МРА) | 181 | 40 | 15 | 1 | 4 | 9 | 2 | 3 |
| **Комерцијален сектор** | | | | | | | | |
| **Телевизиска индустрија** | **1282** | **203** | **21** | **11** | **8** | **21** | **19** | **7** |
| Телевизии на државно ниво | 557 | 74 | 12 | 0 | 6 | 12 | 1 | 1 |
| Сателитски телевизии | 232 | 1 | 0 | 0 | 1 | 5 | 3 | 0 |
| Регионални телевизии | 352 | 50 | 3 | 11 | 1 | 3 | 12 | 0 |
| Локални телевизии | 141 | 78 | 6 | 0 | 0 | 1 | 3 | 6 |
| **Радиоиндустрија** | **350** | **63** | **2** | **0** | **1** | **5** | **0** | **1** |
| Радиостаници на државно ниво | 109 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 |
| Радиостаници на регионално ниво | 88 | 16 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Радиостаници на локално ниво | 153 | 47 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 |

Во 2014 година **во МРТВ** биле вработени 852 лица, од кои 642 биле од македонска националност, 129 од албанска, 34 од турска, по четири од ромска и бошњачка, девет од влашка, 23 од српска и седум од други националности.

Половина од лицата од македонска националност (319 лица) биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар.

Вработените од албанска националност биле најбројни кај новинарскиот и кај реализаторскиот кадар (како новинари биле вработени 38 %, а како реализатори 28 % од овие лица).

Како новинари биле ангажирани и најголем број од вработените од турска, влашка и српска националност (како новинари работеле 16 Турци, пет Власи и 11 Срби).

Во **комерцијалните телевизии** биле ангажирани 1 282 Македонци, 203 Албанци, 21 Турчин, 11 Роми, осум Власи, 21 Србин, 19 Бошњаци и седум лица од други националности.

Дури 43 % од Македонците биле вработени во петте телевизиски станици коишто емитуваа програма на државно ниво преку терестријален мултиплекс. Најголем дел од нив биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар

(34 %), а позначајно учество прикажале и Македонците во овие пет телевизии вработени како новинари (31 %).

Вработените од албанска националност биле најбројни кај локалните телевизиски станици (78 лица). Сите лица од оваа националност кај телевизиите на државно ниво кои емитуваат преку терестријален предавател биле ангажирани во ТВ Алсат-М. Вработени од албанска националност биле ангажирани во пет регионални и во 11 локални телевизии. Кај терестријалните телевизии лицата од оваа националност биле најбројни кај реализаторскиот кадар (27 %), а кај регионалните и локалните телевизии кај новинарскиот кадар (30 %, односно 41 %).

Повеќе од половина од вработените од турска националност (12 лица) биле вработени во националните телевизии кои емитуваа програма на државно ниво преку терестријален мултиплекс. Во овој сегмент биле вработени и поголем дел од лицата од влашка и српска националност (шест од вкупно осум Власи и 12 од вкупно 21 Србин).

Сите 11 лица од ромска националност ангажирани во телевизиската индустрија биле вработени само во една регионална телевизија (ТВ Шутел). Во регионалните телевизии биле вработени и најголем дел од лицата од бошњачка националност (12 лица), додека, пак, речиси сите лица од друга националност биле ангажирани во локалните телевизии (шест од вкупно седум лица).

Во **комерцијалните радиостаници** биле вработени 350 Македонци, 63 Албанци, двајца Турци, еден Влав, пет Срби и едно лице од друга националност. Во националните радиостаници биле вработени 109 лица од македонска националност, во регионалните 88 лица, а во локалните 153 лица. Во сите три сегменти на радискиот пазар овие лица имале најголемо учество кај новинарскиот кадар. Така, кај националните радиостаници новинарите Македонци учествувале со 59 %, кај регионалните со 41 %, а кај локалните со 39 % во вкупниот број вработени од македонска националност.

Шеснаесет од лицата од албанска националност биле ангажирани во регионалните, а 47 во локалните радиостаници. И кај едните и кај другите доминирале лицата вработени како новинари. Националните радиостаници не прикажале вработени од оваа националност.

Двете лица од турска националност и лицето од друга националност работеле во локалните радиостаници, лицето од влашка националност било ангажирано во регионалниот сегмент од радискиот пазар, додека, пак, три од лицата од српска националност биле вработени во националните, а две во локалните радиостаници.

## Македонска радио-телевизија (МРТВ)

Во 2014 година, во јавниот радиодифузен сервис биле вработени вкупно 852 лица. Од нив, 642 лица биле од македонска националност, 129 од албанска, 34 од турска, 23 од српска, девет од влашка, по четири од ромска и бошњачка националност и седум од други националности.

**Слика 1: Учество во вкупниот број вработени во МРТВ**




Бројот на Македонците коишто биле ангажирани во МРТВ во последните четири години, откако Агенцијата почна да изработува анализи на структурата на вработените во радиодифузната индустрија според етничката припадност, бил највисок во 2012 година, кога биле вработени вкупно 649 лица.

Вработените од албанска, турска, влашка и бошњачка националност биле најбројни во 2011 година. Имено, во оваа година биле вработени 137 лица од албанска, 38 лица од турска, 10 лица од влашка и шест лица од бошњачка националност.

Најмногу вработени од ромска националност биле ангажирани во 2012 година (седум лица), а лицата од други националности коишто не се спомнати погоре биле подеднакво застапени во 2011, 2013 и во 2014 година (по седум лица). Само во 2012 година биле ангажирани шест лица од друга националност.

**Табела 2: Број на вработени во МРТВ според етничка припадност во последните четири години**

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|
| Македонци | 647 | 649 | 640 | 642 |
| Албанци | 137 | 132 | 125 | 129 |
| Турци | 38 | 36 | 35 | 34 |
| Роми | 5 | 7 | 4 | 4 |
| Власи | 10 | 9 | 9 | 9 |
| Срби | 27 | 27 | 23 | 23 |
| Бошњаци | 6 | 3 | 3 | 4 |
| Останато | 7 | 6 | 7 | 7 |
| **Вкупно** | **877** | **869** | **846** | **852** |

Во анализираната година дури половина од лицата од македонска националност биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (50 %). Позначајно учество овие лица прикажале и кај новинарите (22 %).

Вработените од албанска националност биле најбројни кај новинарскиот и кај реализаторскиот кадар (како новинари биле вработени 38 %, а како реализатори 28 % од овие лица).

**Слика 2: Структура на вработените од македонска и албанска националност во МРТВ**




Во Македонската телевизија (МТВ) биле вработени 461, а во Македонското радио (МРА) 181 Македонец. И во МТВ и во МРА најбројни од оваа националност биле лицата ангажирани како реализатори. Имено, како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар во МТВ биле вработени 242 лица од оваа националност, а во МРА 77 лица.

Најголем број од лицата од албанска националност во МТВ биле ангажирани како новинари (40 лица), а во МРА како уредници (12 лица).

**Табела 3: Број на вработени од македонска и албанска националност во МТВ и МРА**

| | МТВ | | МРА | |
|---|---|---|---|---|
| работно место | Македонци | Албанци | Македонци | Албанци |
| Новинари | 98 | 40 | 46 | 9 |
| Уредници | 21 | 15 | 25 | 12 |
| Управители/директори | 3 | 0 | 1 | 1 |
| Технички кадар | 9 | 4 | 2 | 2 |
| Реализаторски кадар | 242 | 28 | 77 | 8 |
| Маркетинг | 4 | 0 | 2 | 0 |
| Преостанат кадар | 84 | 2 | 28 | 8 |
| **Вкупно** | **461** | **89** | **181** | **40** |

Од турска националност биле 4 % од вработените во овој сегмент на аудио и аудиовизуелниот медиумски сектор. Речиси половина од нив биле вработени како новинари (16 лица), и тоа девет лица во МТВ и седум лица во МРА. Седум лица од оваа националност биле ангажирани како уредници (три лица во МТВ и четири во МРА), две како инженери и техничари (во МТВ), шест како реализатори (четири во МТВ и две во МРА) и три биле вработени во категоријата „преостанат кадар“ (едно во МТВ и две во МРА).

Три лица од ромска националност (од вкупно четири) работеле во МТВ (по едно како новинар, уредник и реализаторски кадар), а едно било ангажирано во МРА (како уредник).

Од влашка националност, како и претходната година, во јавниот радиодифузен сервис биле вработени девет лица. Од нив, пет лица биле ангажирани во МТВ, а четири во МРА.  Пет од лицата од оваа националност работеле како новинари (две лица во МТВ и три лица во МРА), две како уредници (по едно лице во МТВ и во МРА) и две како реализатори (и двете во МТВ).

**Табела 4: Распределба по работни места во МРТВ на лицата од турска, ромска, влашка, српска, бошњачка и друга националност**

| работно место | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останато |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Новинари | 16 | 1 | 5 | 11 | 1 | 2 |
| Уредници | 7 | 2 | 2 | 2 | 2 | 0 |
| Управители/директори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Технички кадар | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| Реализаторски кадар | 6 | 1 | 2 | 6 | 0 | 3 |
| Маркетинг | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Преостанат кадар | 3 | 0 | 0 | 2 | 1 | 2 |
| **Вкупно** | **34** | **4** | **9** | **23** | **4** | **7** |

Лицата од српска националност биле распоредени на следниве работни места: 11 биле вработени како новинари (пет лица во МТВ и шест во МРА), шест биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (пет лица во МТВ и едно во МРА) и по две лица работеле како уредници (по едно лице во МТВ и МРА), техничари (и двете во МТВ) и во категоријата „преостанат кадар“ (по едно лице во МТВ и МРА).

Две лица од бошњачка националност работеле како уредници (по едно лице во МТВ и МРА), а по едно лице било ангажирано како новинар (во МРА) и во категоријата „преостанат кадар“ (во МТВ).

Од други националности биле ангажирани седум лица, и тоа три како реализатори (во МТВ), две како новинари (во МРА) и две во категоријата „преостанат кадар“ (по едно лице во МТВ и во МРА).

## Телевизиски станици на државно ниво преку терестријален мултиплекс

Вкупниот број вработени во петте телевизиски станици коишто во 2014 година емитуваа програма на државно ниво преку терестријален мултиплекс изнесувал 663 лица (во редовен работен однос и хонорарно ангажирани), од кои 557 лица биле од македонска националност, 74 од албанска, шест од влашка, по 12 од турска и српска и по едно од бошњачка и од друга националност. Во овој сегмент на телевизиската индустрија не било ангажирано ниту едно лице од ромска националност.

**Слика 3: Учество во вкупниот број вработени во терестријалните телевизии на државно ниво**




Во однос на претходната година, бројот на вработените од македонска националност се зголемил за седум лица, на вработените од албанска националност за 70 лица[1], на вработените од турска националност за пет лица и на вработените од влашка националност за две лица. Бројот на лицата од српска и бошњачка националност се намалил за пет, односно за две лица, а на вработените од други националности кои не се спомнати овде остана непроменет.

**Табела 5: Број на вработени во терестријалните телевизии на државно ниво во последните четири години**

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|
| Македонци | 385 | 431 | 550 | 557 |
| Албанци | 78 | 77 | 4 | 74 |
| Турци | 12 | 13 | 7 | 12 |
| Роми | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Власи | 0 | 0 | 4 | 6 |
| Срби | 19 | 19 | 17 | 12 |
| Бошњаци | 4 | 3 | 3 | 1 |
| Останато | 2 | 1 | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **500** | **544** | **586** | **663** |

[1] Зголемувањето на бројот на лицата од албанска националност во анализираната година се должи на тоа што ТВ Алсат-М во 2013 година не достави податоци за етничката припадност на вработените. Оваа телевизиска станица во претходната година прикажа вкупно 112 вработени лица, од кои 90 во редовен работен однос и 22 хонорарно ангажирани.

Најголем број вработени од македонска националност прикажала ТВ Канал 5 (149 лица), а најголем број вработени од албанска националност ТВ Алсат-М (74 лица). Имено, во ТВ Алсат-М биле ангажирани сите лица од албанска националност коишто во анализираната година биле вработени во овој сегмент на телевизиската индустрија. Во табелата подолу е претставен бројот на вработените според етничка припадност во секоја телевизија посебно.

**Табела 6: Број на вработени во терестријалните телевизии на државно ниво според етничка припадност**

| | ТВ Алсат-М | ТВ Алфа | ТВ Канал 5 | ТВ Сител | ТВ Телма |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 37 | 123 | 149 | 136 | 112 |
| Албанци | 74 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Турци | 4 | 2 | 6 | 0 | 0 |
| Роми | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Власи | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 |
| Срби | 0 | 4 | 2 | 4 | 2 |
| Бошњаци | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Останато | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | **116** | **135** | **157** | **140** | **115** |

Најголемо учество во структурата на вработените имале реализаторскиот кадар (33 %) и новинарскиот кадар (29 %). Дури 86 % од реализаторите и 89 % од новинарите во терестријалните телевизии на државно ниво биле од македонска националност. ТВ Телма прикажала најголем број новинари (54 лица), а ТВ Сител најголем број реализатори од македонска националност (63 лица).

**Слика 4: Број на новинари и реализатори од македонска националност во терестријалните телевизии на државно ниво**




Најмногу уредници од македонска националност прикажала ТВ Алфа (шест лица), најмногу инженери, техничари и преостанат кадар ТВ Канал 5 (25 лица, односно 47 лица), а најмногу лица задолжени за маркетинг прикажала ТВ Алсат-М (пет лица).

**Табела 7: Структура на вработени од македонска националност во терестријалните телевизии на државно ниво**

| радиодифузер | уредници | управители/ директори | технички кадар | маркетинг | преостанат кадар |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алсат-М | 2 | 1 | 6 | 5 | 7 |
| ТВ Алфа | 6 | 1 | 4 | 3 | 29 |
| ТВ Канал 5 | 2 | 1 | 25 | 2 | 47 |
| ТВ Сител | 0 | 1 | 16 | 0 | 14 |
| ТВ Телма | 4 | 1 | 8 | 2 | 8 |
| **Вкупно** | **14** | **5** | **59** | **12** | **105** |

Сите лица од албанска националност (вкупно 74) биле ангажирани во ТВ Алсат-М. Од нив, 18 биле новинари, седум уредници, двајца управители, десет техничари, 20 реализатори, едно лице било ангажирано за маркетинг, а 16 биле вработени во категоријата „преостанат кадар“.

**Слика 5: Структура на вработените од албанска националност во терестријалните телевизии на државно ниво**




Од турска националност биле ангажирани 12 лица, по шест во категориите „реализаторски кадар“ и „преостанат кадар“. Четири лица од оваа националност биле вработени во ТВ Алсат-М (сите како реализатори), две во ТВ Алфа (по едно лице како реализаторски и преостанат кадар) и шест лица во ТВ Канал 5 (едно лице како реализаторски кадар и пет во категоријата „преостанат кадар“).

Сите шест лица од влашка националност биле ангажирани во ТВ Алфа. Две од нив работеле како новинари, две како инженери и техничари, а по едно лице било ангажирано во категориите „реализаторски кадар“ и „преостанат кадар“.

По четири лица од вработените од српска националност (од вкупно 12) биле ангажирани во ТВ Алфа (три како реализатори и едно во категоријата „маркетинг“) и во ТВ Сител (по едно лице во категориите уредници, технички кадар, реализаторски кадар и преостанат кадар), а по две во ТВ Канал 5 (по едно лице како новинар и како реализаторски кадар) и во ТВ Телма (по едно лице како новинар и како технички кадар).

Од бошњачка и од други националности коишто не се спомнати погоре било вработено само по едно лице. Лицето од бошњачка националност било ангажирано во ТВ Алсат-М во категоријата „преостанат кадар“, а лицето од друга националност работело како технички кадар во ТВ Телма.

**Табела 8: Број на вработени од турска, ромска, влашка, српска, бошњачка и друга националност во терестријалните телевизии на државно ниво**

| радиодифузер | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останато |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алсат-М | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| ТВ Алфа | 2 | 0 | 6 | 4 | 0 | 0 |
| ТВ Канал 5 | 6 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| ТВ Ситељ | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 |
| ТВ Телма | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 |

## Сателитски телевизии

Од вкупно 242 вработени во сателитските телевизии во 2014 година (во редовен работен однос и хонорарно ангажирани), 232 биле Македонци, пет Срби, тројца Бошњаци, а по едно лице било припадник на албанската и влашката заедница.

**Слика 6: Учество во вкупниот број вработени во сателитските телевизии**




Во споредба со претходната година, вкупниот број вработени се намалил за 25 лица. Имено, за 15 лица се намалил бројот на лицата од македонска националност, за три на лицата од влашка националност, за пет на лицата од српска националност и за три на лицата од друга националност. Во однос на 2013 година се зголемил само бројот на лицата од бошњачка националност, и тоа за едно лице.

**Табела 9: Број на вработени во сателитските телевизии во последните четири години**

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|
| Македонци | 316 | 342 | 247 | 232 |
| Албанци | 0 | 2 | 1 | 1 |
| Турци | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Роми | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Власи | 6 | 5 | 4 | 1 |
| Срби | 14 | 14 | 10 | 5 |
| Бошњаци | 2 | 2 | 2 | 3 |
| Останато | 2 | 5 | 3 | 0 |
| **Вкупно** | **341** | **371** | **267** | **242** |

Најголем дел од лицата од македонска националност биле ангажирани како новинари (37 %), а позначајно учество прикажал и реализаторскиот кадар (28 %). Во ТВ 24 Вести биле вработени 39 % од новинарите и 50 % од реализаторите од оваа националност ангажирани во сателитските телевизии. Најмалку новинари работеле во ТВ Наша и ТВ Сонце (по 12 лица), а најмалку режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар биле ангажирани во ТВ Наша и ТВ Сител 3 (по шест лица).

**Слика 7: Број на новинари и реализатори од македонска националност во сателитските телевизии**




Распределбата по работни места (освен на новинарскиот и на реализаторскиот кадар) на лицата од македонска националност е прикажана во табелата подолу.

**Табела 10: Структура на вработени од македонска националност во сателитските телевизии**

| работно место | ТВ 24 Вести | ТВ Канал 5 Плус | ТВ Наша | ТВ Сител 3 | ТВ Сонце |
|---|---|---|---|---|---|
| Уредници | 2 | 0 | 2 | 1 | 1 |
| Управители/директори | 1 | 1 | 3 | 1 | 1 |
| Технички кадар | 3 | 14 | 5 | 6 | 1 |
| Маркетинг | 1 | 3 | 5 | 0 | 1 |
| Преостанат кадар | 3 | 17 | 5 | 0 | 6 |

Единственото лице од албанска националност ангажирано во овој сегмент на телевизискиот пазар било вработено како новинар во ТВ Наша. Во оваа телевизија било вработено и единственото лице од влашка националност, исто така како новинар.

Три лица од српска националност (од вкупно пет) биле вработени во ТВ Канал 5 Плус (по едно како новинар, технички кадар и преостанат кадар), едно работело во ТВ 24 Вести (како новинар), а едно во ТВ Наша (како реализаторски кадар).

Од бошњачка националност биле вработени три лица, од кои две во ТВ 24 Вести (еден новинар и еден уредник) и едно во ТВ Сител 3 (како технички кадар).

## Телевизиски станици на регионално ниво

Во 2014 година програма на регионално ниво емитуваа вкупно 27 телевизии. Во оваа анализа се претставени податоците за 26 од нив, поради тоа што во март 2015 година ТВ БТР ја изгуби дозволата за телевизиско емитување[2].

Вкупниот број вработени во овие телевизии изнесувал 432 лица. Од нив, 352 лица биле од македонска националност, 50 од албанска, 12 од бошњачка, 11 од ромска, по три од турска и српска и едно од влашка националност.

**Слика 8: Учество во вкупниот број вработени во регионалните телевизии**




[2] Дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје беше одземена со Одлука бр.08-397 од 3.3.2015 година поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неплаќање на надоместокот за дозволата во законски утврдениот рок. Во 2013 година, во оваа телевизија биле вработени 11 лица, од кои седум биле од ромска националност, три од македонска и едно од друга националност.

Во однос на претходната година, бројот на вработените од македонска националност се зголемил за 33 %, односно за 87 лица. Ова во најголема мера се должи на зголемувањето на бројот на Македонци коишто во анализираната година биле вработени како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (за 58 лица). Најголемо зголемување на бројот на реализатори од оваа националност прикажале ТВ Телеканал А1 од Струмица и ХДТВ Мега од Скопје (за по 15 лица) и Регионална ТВ 02 (за 12 лица).

**Табела 11: Број на вработени во регионалните телевизии во 2013 и 2014 година**

| | 2013 | 2014 |
|---|---|---|
| Македонци | 265 | 352 |
| Албанци | 46 | 50 |
| Турци | 2 | 3 |
| Роми | 18 | 11 |
| Власи | 1 | 1 |
| Срби | 2 | 3 |
| Бошњаци | 12 | 12 |
| Останато | 4 | 0 |
| **Вкупно** | **350** | **432** |

Половина од вработените од македонска националност биле ангажирани само во седум регионални телевизии, и тоа во ТВ Телеканал А1 од Струмица (33 лица), ХДТВ Мега од Скопје (30 лица), Регионална ТВ О2 од Скопје (28 лица), ТВ Вис од Струмица и ТВ Ултра од Скопје (по 24 лица) и во ТВ К Три од Куманово и ТВ Ирис од Штип (по 19 лица).

Во дури 15 регионални телевизии биле ангажирани само лица од македонска националност. Вработени од оваа националност не прикажала само ТВ Коха од Тетово.

**Слика 9: Структура на вработените од македонска националност во регионалните телевизии**




Најголем дел од Македонците биле вработени како новинари (36 %) и реализатори (31 %). Најмногу новинари од оваа националност прикажала ТВ Телеканал А1 од Струмица (11 лица), а најмногу режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар ТВ Телеканал А1 од Струмица и ХДТВ Мега (по 16 лица).

**Табела 12: Преглед на вработените од македонска националност во регионалните телевизии**

| радиодифузер | новинари | уредници | управители/ директори | технички кадар | реализаторски кадар | маркетинг | преостанат кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Амазон | 5 | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 | 1 |
| ТВ Скајнет | 5 | 1 | 1 | 0 | 3 | 0 | 1 |
| ТВ Едо | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| ТВ Ера | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 3 | 1 |
| ТВ МТМ | 5 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 |
| ТВ Скопје | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 |
| ТВ Шутел | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ТВ КТВ | 6 | 1 | 1 | 3 | 3 | 1 | 0 |
| ТВ Канал 1 | 3 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 3 |
| ТВ К Три | 8 | 2 | 1 | 2 | 5 | 1 | 0 |
| ТВ Сител 2 | 5 | 1 | 1 | 2 | 2 | 0 | 0 |
| ХДТВ Канал Плус | 8 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| ТВ Ирис | 7 | 1 | 1 | 5 | 1 | 0 | 4 |
| ТВ Стар | 6 | 2 | 1 | 1 | 3 | 1 | 1 |
| ТВ Вис | 9 | 1 | 1 | 2 | 6 | 1 | 4 |
| ТВ Телеканал А1 | 11 | 2 | 1 | 0 | 16 | 0 | 3 |
| ТВ Ко-Бра | 5 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 |
| ХДТВ Мега | 9 | 2 | 2 | 0 | 16 | 0 | 1 |
| ТВ Вижн-БМ | 4 | 1 | 1 | 3 | 3 | 1 | 0 |
| ТВ Ускана | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Регионална ТВ 02 | 10 | 1 | 1 | 0 | 14 | 0 | 2 |
| ТВ Канал три | 3 | 1 | 1 | 1 | 7 | 0 | 0 |
| ТВ Кисс | 4 | 1 | 1 | 5 | 2 | 0 | 2 |
| ТВ Коха | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ТВ Ултра | 6 | 1 | 1 | 2 | 13 | 0 | 1 |
| ТВ Чеграни Медиа | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | **125** | **24** | **20** | **33** | **109** | **12** | **29** |

Вработените од албанска националност биле ангажирани само во пет регионални телевизии (ТВ Ера од Скопје – 19 лица, ТВ Коха од Тетово – 13 лица, ТВ Чеграни Медиа од Гостивар – осум лица, ТВ Ускана од Кичево – седум лица и ТВ Канал Три од Дебар – три лица). Најголем дел од овие лица биле ангажирани како новинари (30 %) и како реализатори (26 %). Најмногу новинари од оваа националност биле вработени во ТВ Коха од Тетово (пет лица), а најмногу реализатори во ТВ Ера од Скопје (осум лица).

**Табела 13: Преглед на вработените од албанска националност во регионалните телевизии**

| радиодифузер | новинари | уредници | Управители /директори | технички кадар | реализаторски кадар | маркетинг | преостанат кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Ера | 3 | 1 | 0 | 2 | 8 | 1 | 4 |
| ТВ Ускана | 3 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| ТВ Канал три | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| ТВ Коха | 5 | 1 | 1 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| ТВ Чеграни Медиа | 2 | 2 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **15** | **5** | **3** | **5** | **13** | **4** | **5** |

Трите лица од турска националност биле вработени во ТВ Канал Три од Дебар, и тоа едно лице било ангажирано како новинар и две како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар.

Лицата од ромска националност биле вработени во ТВ Шутел од Скопје. Три од нив работеле како новинари, а по две биле ангажирани како уредници, техничари, реализатори и во категоријата „преостанат кадар“.

Од влашка националност било вработено само едно лице, и тоа како технички кадар во ТВ Скопје од Скопје.

Две лица од српска националност работеле како новинари во ТВ К Три од Куманово, а едно било ангажирано во Регионална ТВ 02, во категоријата „реализаторски кадар“.

Во овој сегмент на телевизиската индустрија биле ангажирани 12 лица од бошњачка националност. Десет од нив биле вработени во ТВ Едо (три како новинари, четири како реализатори и по едно како уредник, управител и техничар), едно во ТВ Ера  (како реализаторски кадар) и едно во ТВ Амазон (како новинар).

**Слика 10 : Број на вработени од турска, ромска, влашка, српска и бошњачка националност во регионалните телевизии**



## Телевизиски станици на локално ниво

Програма на локално ниво во текот на целата 2014 година емитуваа 27 телевизии. Но, во оваа анализа се претставени податоците за етничката припадност на вработените во 26 телевизии, поради тоа што во јануари 2015 година престана да важи дозволата на ТВ Нова од Куманово[3].

Вкупниот број вработени во овие 26 телевизиски станици изнесувал 235 лица, од кои 141 биле од македонска националност, 78 од албанска, три од бошњачка, едно од српска и по шест од турска и друга националност која не е спомната тука. Во овој сегмент не било ангажирано ниту едно лице од ромска и влашка националност.

**Слика 11: Учество во вкупниот број вработени во локалните телевизии**




Во однос на претходната година, бројот на вработените од македонска националност се намалил за 36 лица, а на вработените од албанска националност се зголемил за 18 лица. Во анализираната година се намалил и бројот на вработените од ромска националност (за едно лице), од бошњачка националност (за две лица) и на вработените од друга националност (за три лица).

**Табела 14: Број на вработени во локалните телевизии во 2013 и 2014 година**

| | 2013 | 2014 |
|---|---|---|
| Македонци | 177 | 141 |
| Албанци | 60 | 78 |
| Турци | 6 | 6 |
| Роми | 1 | 0 |
| Власи | 0 | 0 |
| Срби | 1 | 1 |
| Бошњаци | 1 | 3 |
| Останато | 3 | 6 |
| **Вкупно** | **249** | **235** |

[3] Дозволата на ТВ Нова од Куманово престана да важи со Одлука бр.08-138 од 8.1.2015 година, поради тоа што радиодифузерот во предвидениот рок не достави пријава за замена на дозволата за вршење радиодифузна дејност со нова дозвола за телевизиско емитување.

Како и во 2013 година, и во 2014 година најзастапени кај лицата од македонска националност биле новинарите (40 %). Најмалку застапени, пак, биле лицата задолжени за маркетинг во телевизиските станици (6 %).

**Слика 12: Структура на вработените од македонска националност во локалните телевизии**




Најголем број новинари од оваа националност биле вработени во ТВ Тера од Битола (седум лица) и во ТВ М од Охрид (шест лица). Во ТВ тера биле ангажирани и најголем број режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (пет лица).

Вработени од македонска националност прикажале вкупно 18 локални телевизии. Во дури 10 од нив биле ангажирани лица само од македонска националност (ТВ Кочани ЛД и ТВ Канал 8 од Кочани, ТВ Протел од Пробиштип, ТВ Еми од Радовиш, ТВ Интел од Струмица, ТВ Нова од Гевгелија, ТВ Канал 21 од Велес, ТВ Свет од Свети Николе, ТВ Орбис од Битола и ТВ Морис од Охрид). Во табелата подолу е претставен бројот на Македонците и видот на работното место кај секоја локална телевизија.

**Табела 15: Преглед на вработените од македонска националност во локалните телевизии**

| радиодифузер | новинари | уредници | управители/ директори | технички кадар | реализаторски кадар | маркетинг | преостанат кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Далга-Крт | 2 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 1 |
| ТВ Кочани-ЛД | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| ТВ Канал 8 | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 |
| ТВ Протел | 5 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| ТВ Еми | 3 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| ТВ Интел | 5 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 0 |
| ТВ Нова | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Канал 21 | 5 | 0 | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 |
| ТВ Здравкин | 2 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| ТВ Свет | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| ТВ Лажани | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| ТВ Орбис | 4 | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 |
| ТВ Тера | 7 | 1 | 1 | 3 | 5 | 1 | 3 |
| ТВ Морис | 3 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 |
| ТВ М | 6 | 2 | 1 | 2 | 3 | 1 | 4 |
| ТВ Калтрина | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ТВ Спектра | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ТВ Аниса | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **56** | **13** | **13** | **18** | **22** | **8** | **11** |

Лицата од албанска националност биле вработени во 11 локални телевизии. Дури 32 од овие лица (41 %) биле ангажирани во ТВ Арт од Тетово, седум биле вработени во ТВ Гурра од Кичево, по шест во ТВ Дибра од Дебар и ТВ Дуе од Гостивар, по пет во ТВ Феста и ТВ Хана од Куманово, ТВ Калтрина од Струга, ТВ Супер Скај од Тетово и во Г-ТВ од Гостивар и по едно лице во ТВ Далга-Крт од Куманово и ТВ Здравкин од Велес.

**Табела 16: Преглед на вработените од албанска националност во локалните телевизии**

| радиодифузер | новинари | уредници | управители/ директори | технички кадар | реализаторски кадар | маркетинг | преостанат кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Далга-Крт | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| ТВ Феста | 3 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| ТВ Хана | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| ТВ Здравкин | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ТВ Калтрина | 3 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| ТВ Дибра | 3 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| ТВ Гурра | 3 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| ТВ Арт | 13 | 2 | 1 | 7 | 5 | 2 | 2 |
| ТВ Супер Скај | 2 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| ТВ Дуе | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| ТВ Г-ТВ | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **32** | **7** | **9** | **15** | **9** | **4** | **2** |

Најголем дел од лицата од оваа националност работеле како новинари (41 %). Најмногу новинари прикажала ТВ Арт од Тетово (13 лица). Во оваа телевизиска станица биле вработени и најмногу инженери и техничари (седум лица) и најмногу реализатори (пет лица) од албанска националност.

Четири од лицата од турска националност биле вработени во ТВ Аниса од Пласница (по едно лице како новинар, уредник, управител и технички кадар), едно во ТВ М од

Охрид (во категоријата „преостанат кадар“) и едно во ТВ Тера од Битола (како реализатор).

Од бошњачка националност биле ангажирани три лица, две од нив работеле како новинари, а едното како управител, односно директор. Сите лица од оваа националност биле ангажирани во ТВ Лажани од Лажани.

Единственото лице од српска националност било вработено во категоријата „технички кадар“ во ТВ М од Охрид.

Лица од други националности кои не се спомнати погоре прикажале само ТВ Спектра од Лабуништа (четири лица) и ТВ Калтрина од Струга (две лица). Едно лице во ТВ Спектра било ангажирано како уредник, едно како техничар, а две работеле како реализатори, додека, пак, вработените во ТВ Калтрина биле ангажирани како технички и преостанат кадар (по едно лице).

**Слика 13 : Број на вработени од турска, српска, бошњачка и друга националност во локалните телевизии**



## Радиостаници на државно ниво

Во 2014 година, во четирите радиостаници кои емитуваа програма на државно ниво биле вработени 112 лица. Од нив, 109 лица биле од македонска националност, а три од српска националност.

**Слика 14: Учество во вкупниот број вработени во националните радиостаници**




Во последните четири години, во овој сегмент на радиската индустрија биле ангажирани само лица од македонска и српска националност. Бројот на Македонците во овие четири години во континуитет се зголемувал, така што во анализираната година тој бил за три пати поголем отколку во 2011 година.

**Табела 17: Број на вработени во националните радиостаници во последните четири години**

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|
| Македонци | 35 | 43 | 78 | 109 |
| Срби | 1 | 1 | 4 | 3 |
| **Вкупно** | **36** | **44** | **82** | **112** |

Најмногу вработени од македонска националност прикажала РА Слободна Македонија (41 лице). Во РА Канал 77 биле ангажирани 32 лица од оваа националност, во РА Антена 5 - 23 лица и во РА Рос Метрополис 13 лица.

Сите четири радиостаници прикажале повеќе Македонци во однос на претходната година. Сепак, најмногу се зголемил бројот на овие лица во РА Слободна Македонија (за 15 лица). Во РА Канал 77 биле ангажирани 12 Македонци повеќе, во РА Рос Метрополис три, а во РА Антена 5 еден Македонец повеќе.

Повеќе од половина од Македонците работеле како новинари (59 %). Другите категории вработени биле значително помалку застапени.

**Слика 15: Структура на вработените од македонска националност во националните радиостаници**




Половина од новинарите од македонска националност ангажирани во овие четири радиостаници биле вработени само во РА Слободна Македонија (33 лица). РА Антена 5 прикажала најголем број Македонци ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (шест лица), а РА Канал 77 најголем број Македонци ангажирани како инженери и техничари (пет лица), управители (три лица) и Македонци задолжени за маркетинг (три лица).

**Табела 18: Преглед на вработените од македонска националност во националните радиостаници**

| работно место | РА Антена 5 | РА Канал 77 | РА Рос Метрополис | РА Слободна Македонија |
|---|---|---|---|---|
| Новинари | 10 | 16 | 5 | 33 |
| Уредници | 1 | 1 | 2 | 1 |
| Управители/директори | 1 | 3 | 1 | 1 |
| Технички кадар | 2 | 5 | 2 | 1 |
| Реализаторски кадар | 6 | 2 | 2 | 3 |
| Маркетинг | 1 | 3 | 0 | 1 |
| Преостанат кадар | 2 | 2 | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **23** | **32** | **13** | **41** |

Едно лице од српска националност било вработено во РА Антена 5 како реализатор, а две биле ангажирани во РА Слободна Македонија, и тоа по едно како уредник и како техничар кадар.

## Радиостаници на регионално ниво

Вкупниот број вработени во регионалните радиостаници изнесувал 105 лица, од кои 88 лица биле од македонска, 16 од албанска и едно од влашка националност.

**Слика 16: Учество во вкупниот број вработени во националните радиостаници**




Во периодот од 2011 до 2014 година бројот на лицата од македонска националност во овој сегмент на радиската индустрија бил највисок во претходната година, кога биле ангажирани 94 лица (шест лица повеќе отколку во анализираната година). Бројот на вработените од албанска националност се зголемил за две лица, а на вработените од влашка националност за едно лице. Од 2011 до 2014 година вработени од ромска и бошњачка националност имало само во 2012 година, а од влашка националност само во анализираната година.

**Табела 19: Број на вработени во регионалните радиостаници во последните четири години**

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|
| Македонци | 83 | 85 | 94 | 88 |
| Албанци | 19 | 15 | 14 | 16 |
| Турци | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Роми | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Власи | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Срби | 1 | 3 | 1 | 0 |
| Бошњаци | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Останато | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **103** | **105** | **109** | **105** |

Најмногу вработени прикажале РА Зона-М1 (11 лица) и РА Буба Мара (10 лица). Сите лица ангажирани во овие радиостаници биле од македонска националност. Вработени само од оваа националност прикажале уште десет регионални редиостаници. Само РА Урбан не прикажала ниту едно вработено лице.

Најголем дел од Македонците биле вработени како новинари (41 %). Позначајно учество прикажале и Македонците ангажирани во категоријата „технички кадар“ (17 %). Како

уредници и како реализатори биле вработени по 11 лица, девет биле управители, односно директори, а по три лица биле ангажирани за маркетинг и во категоријата „преостанат кадар“.

**Слика 17: Структура на вработените од македонска националност во регионалните радиостаници**




Најмногу новинари од македонска националност биле ангажирани во РА Спортско 90,3 ФМ (пет лица). Во две регионални радиостаници биле вработени по четири новинари од оваа националност, во четири по три, во пет по две, а во една радиостаница едно лице.

**Табела 20: Преглед на вработените од македонска националност во регионалните радиостаници**

| радиодифузер | новинари | уредници | управители/ директори | технички кадар | реализаторски кадар | маркетинг | преостанат кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РА Арачина | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Буба Мара | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| РА Ват | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Зона М-1 | 3 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 0 |
| РА Урбан | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Клуб ФМ | 3 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| РА Лајф ФМ | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Роса АБ | 4 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА РФМ | 2 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| РА Сити | 3 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| РА Скај | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 |
| РА Стрит | 2 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| РА Спортско 90,3 ФМ | 5 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| РА УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТ ФМ 92.9 | 4 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| РА Капитол | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Фортуна | 3 | 0 | 1 | 2 | 2 | 0 | 0 |
| РА Цез ФМ | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **36** | **11** | **9** | **15** | **11** | **3** | **3** |

Девет лица од албанска националност биле вработени во РА Ват, четири во РА Арачина, две во РА Лајф и едно во РА РФМ.

Пет лица од оваа националност работеле како новинари, четири како управители, по две биле уредници и техничари, а по едно било ангажирано во категориите „реализаторски кадар“, „маркетинг“ и „преостанат кадар“. Подолу е даден преглед на лицата од оваа националност по работни места во четирите радиостаници во коишто се вработени.

**Табела 21: Преглед на вработените од албанска националност во регионалните радиостаници**

| радиодифузер | новинари | уредници | управители/ директори | технички кадар | реализаторски кадар | маркетинг | преостанат кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РА Арачина | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Ват | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| РА Лајф ФМ | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА РФМ | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **5** | **2** | **4** | **2** | **1** | **1** | **1** |

Единственото вработено лице од влашка националност било ангажирано како новинар во РА РФМ.

## Радиостаници на локално ниво

Дозвола да емитуваат програма на локално ниво во текот на цела 2014 година имаа 52 локални радиостаници (50 комерцијални и две непрофитни). Вкупниот број вработени во нив изнесувал 205 лица, од кои 153 биле од македонска националност, 47 од албанска, по две од турска и српска националност и едно од друга националност.

**Слика 18: Учество во вкупниот број вработени во националните радиостаници**



Најмногу Македонци во овој сегмент на локалниот пазар биле ангажирани во 2011 година (192 лица, односно 39 лица повеќе отколку во анализираната година), а лицата од албанска националност биле еднакво застапени во 2012 година и во 2014 година (по 47 лица). Во ниту една година не биле вработени лица од влашка и од бошњачка националност.

**Табела 22: Број на вработени во локалните радиостаници во последните четири години**

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|
| Македонци | 192 | 165 | 155 | 153 |
| Албанци | 31 | 47 | 24 | 47 |
| Турци | 4 | 2 | 2 | 2 |
| Роми | 4 | 3 | 0 | 0 |
| Власи | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Срби | 4 | 2 | 2 | 2 |
| Бошњаци | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Останато | 1 | 3 | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **236** | **222** | **184** | **205** |

Најмногу вработени од македонска националност прикажала РА Скај радио плус од Берово (осум лица). Во три радиостаници биле ангажирани по шест Македонци, во девет по пет, во пет по четири, во 17 по три, во пет по две, а во една радиостаница било вработено само едно лице од оваа националност.

**Табела 23: Преглед на вработените од македонска националност во локалните радиостаници**

| радиодифузер | новинари | уредници | управители/ директори | технички кадар | реализаторски кадар | маркетинг | преостанат кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РА Скај радио плус | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 |
| РА 106 | 2 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| РА Актуел | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Б-97 | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| РА Делфин | 2 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| РА УНИВЕРЗИТЕТСКО УКЛО ФМ БИТОЛА | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Валандово | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Голди | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| РА Мерак 5 ФМ | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Ла Коста | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Комета | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Тајм | 2 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| РА Зора | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Еми | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Галакси-2002 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Кавадарци | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| РА Александар Македонски | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Акорд | 2 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РА Медисон | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Кочани ФМ | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Браво | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА КМР | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Пулс | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Лав | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА МХ | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| РА Охрид | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| РА Супер | 2 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Пехчево | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА 5 Чоки | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Мефф | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Холидеј | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| РА Еко | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| РА Модеа | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Свети Николе | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА МИ НИ | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Експрес | 3 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Хит | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Кисс | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| РА Плус Форте | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Енџелс ФМ | 3 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА УНИВЕРЗИТЕТСКО УГД ФМ | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **60** | **17** | **32** | **32** | **6** | **4** | **2** |

Дури 39 % од лицата од македонска националност биле вработени како новинари, а еднакво учество имале управителите и техничкиот кадар, кои учествувале со по 21 % во вкупниот број на вработени од оваа националност.

**Слика 19: Структура на вработените од македонска националност во локалните радиостаници**



Најмногу новинари од оваа националност прикажале РА Експрес од Струмица, РА Плус Форте од Тетово и РА Енџелс од Штип (по три лица). Во најголем број од локалните радиостаници, поточно во 20 од нив биле ангажирани по двајца новинари Македонци, додека, пак, 18 радиостаници не прикажале ниту еден вработен новинар од оваа националност. РА Ди-Џеј од Струга била единствената локална радиостаница која не прикажала ниту едно вработено лице (ниту во редовен работен однос, ниту хонорарно ангажирано).

И кај лицата од албанска националност најзастапени биле новинарите, со учество од 38 % во вкупниот број вработени од оваа националност. Најмалку застапен бил реализаторскиот кадар, кој прикажал учество од само 2% во вкупниот број вработени кај овие лица. Сите лица од оваа националност биле ангажирани во само 11 локални радиостаници.

**Слика 20: Структура на вработените од албанска националност во локалните радиостаници**




Во РА Ред ФМ од Тетово биле ангажирани најголем број Албанци (12 лица). По две лица во оваа радиостаница работеле како новинари и техничари, едно било управител, едно било задолжено за маркетинг, а шест биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар“. Во РА Аљбана од Куманово биле ангажирани шест лица од албанска националност, во РА Ускана Плус од Кичево, РА Ррапи од Струга, РА Блета и РА Фама од Тетово по четири лица, во РА ПРО-ФМ од Гостивар, РА Мерлин од Дебар, РА Јехона од Куманово и РА Дрини од Струга по три лица и во РА Актуел од Битола едно лице. Во табелата подолу е дадена распределбата по работни места на лицата од албанска националност во секоја од овие радиостаници.

**Табела 24: Преглед на вработените од албанска националност во локалните радиостаници**

| радиодифузер | новинари | уредници | управители/ директори | технички кадар | реализаторски кадар | маркетинг | преостанат кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РА Актуел | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА ПРО-ФМ | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Мерлин | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Ускана-Плус | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Аљбана | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| РА Јехона | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РА Дрини | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Ррапи | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| РА Блета | 2 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| РА Фама | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| РА Ред ФМ | 2 | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 6 |
| **Вкупно** | **18** | **4** | **8** | **7** | **1** | **3** | **6** |

Двете лица од турска националност биле вработени како новинари, и тоа по едно лице во РА Холидеј од Прилеп и во РА ПРО-ФМ од Гостивар.

Лицата од српска националност биле ангажирани во РА КМР од Куманово. Едно од нив било управител, а другото уредник во оваа радиостаница.

Единственото лице од друга националност било ангажирано во категоријата „технички кадар“ во РА Браво од Куманово.

## Преглед на табели

Табела 1: Клучни наоди ..... 4
Табела 2: Број на вработени во МРТВ според етничка припадност во последните четири години ..... 6
Табела 3: Број на вработени од македонска и албанска националност во МТВ и МРА ..... 7
Табела 4: Распределба по работни места во МРТВ на лицата од турска, ромска, влашка, српска, бошњачка и друга националност ..... 8
Табела 5: Број на вработени во терестријалните телевизии на државно ниво во последните четири години ..... 9
Табела 6: Број на вработени во терестријалните телевизии на државно ниво според етничка припадност ..... 10
Табела 7: Структура на вработени од македонска националност во терестријалните телевизии на државно ниво ..... 11
Табела 8: Број на вработени од турска, ромска, влашка, српска, бошњачка и друга националност во терестријалните телевизии на државно ниво ..... 12
Табела 9: Број на вработени во сателитските телевизии во последните четири години ..... 13
Табела 10: Структура на вработени од македонска националност во сателитските телевизии. 13
Табела 11: Број на вработени во регионалните телевизии во 2013 и 2014 година ..... 15
Табела 12: Преглед на вработените од македонска националност во регионалните телевизии 16
Табела 13: Преглед на вработените од албанска националност во регионалните телевизии ..... 17
Табела 14: Број на вработени во локалните телевизии во 2013 и 2014 година ..... 18
Табела 15: Преглед на вработените од македонска националност во локалните телевизии ..... 19
Табела 16: Преглед на вработените од албанска националност во локалните телевизии ..... 20
Табела 17: Број на вработени во националните радиостаници во последните четири години ..... 22
Табела 18: Преглед на вработените од македонска националност во националните радиостаници ..... 23
Табела 19: Број на вработени во регионалните радиостаници во последните четири години ..... 24
Табела 20: Преглед на вработените од македонска националност во регионалните радиостаници ..... 25
Табела 21: Преглед на вработените од албанска националност во регионалните радиостаници ..... 26
Табела 22: Број на вработени во локалните радиостаници во последните четири години ..... 27
Табела 23: Преглед на вработените од македонска националност во локалните радиостаници ..... 27
Табела 24: Преглед на вработените од албанска националност во локалните радиостаници ..... 30

## Преглед на слики

Слика 1: Учество во вкупниот број вработени во МРТВ ..... 6
Слика 2: Структура на вработените од македонска и албанска националност во МРТВ ..... 7
Слика 3: Учество во вкупниот број вработени во терестријалните телевизии на државно ниво ..... 9
Слика 4: Број на новинари и реализатори од македонска националност во терестријалните телевизии на државно ниво ..... 10
Слика 5: Структура на вработените од албанска националност во терестријалните телевизии на државно ниво ..... 11
Слика 6: Учество во вкупниот број вработени во сателитските телевизии ..... 12
Слика 7: Број на новинари и реализатори од македонска националност во сателитските телевизии ..... 13
Слика 8: Учество во вкупниот број вработени во регионалните телевизии ..... 14
Слика 9: Структура на вработените од македонска националност во регионалните телевизии 15
Слика 10 : Број на вработени од турска, ромска, влашка, српска и бошњачка националност во регионалните телевизии ..... 17
Слика 11: Учество во вкупниот број вработени во локалните телевизии ..... 18
Слика 12: Структура на вработените од македонска националност во локалните телевизии ..... 19

Слика 13 : Број на вработени од турска, српска, бошњачка и друга националност во локалните телевизии ........ 21
Слика 14: Учество во вкупниот број вработени во националните радиостаници ........ 22
Слика 15: Структура на вработените од македонска националност во националните радиостаници ........ 23
Слика 16: Учество во вкупниот број вработени во националните радиостаници ........ 24
Слика 17: Структура на вработените од македонска националност во регионалните радиостаници ........ 25
Слика 18: Учество во вкупниот број вработени во националните радиостаници ........ 26
Слика 19: Структура на вработените од македонска националност во локалните радиостаници ........ 28
Слика 20: Структура на вработените од албанска националност во локалните радиостаници.. 29

Наслов Анализа на структурата на вработените според етничка припадност во аудио и аудиовизуелниот медиумски сектор во 2014 година

Издавач Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија“ бр.38, 1000 Скопје
Тел. 02/3103-400
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

За издавачот д-р Зоран Трајчевски, директор

Изработиле Катерина Доневска
м-р Магдалена Давидовска-Довлева